# ЗАНАЕТЧИЈА

*Среќни Новогодишни и Божиќни празници*





**Весникот го издава Занаетчиска комора Скопје**

занаетот наша иднина

Занаетчиска Комора Скопје

**Број 15** | **Ноември 2009** | **e-mail: zanaet@unet.com.mk**




### Деловни средби во рамките на Меѓународниот саем Целје - Словенија 2009

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во рамките на своите програмски активности за 2009 година во делот за промотивни активности за малите и средните претпријатија, во соработка со

повеќе на страна 4



### Свечено започнување на Пилот проектот за практична обука на ученици кај мајстори занаетчии

Во Хотел Континентал на 05 ноември 2009 година свечено отпачна Пилот проектот за спроведување на практична обука на ученици кај мајстори занаетчии.

повеќе на страна 6




### БЕЗБЕДНИ, ТРАДИЦИОНАЛНИ САДОВИ ЗА ЧУВАЊЕ, ПРИГОТВУВАЊЕ И СЛУЖЕЊЕ НАХРАНА

Во текот на 2008 година, тимот на ГТЗ МАФП проектот: "Воведување на ЕУ директиви во македонската земјоделска политика и поддршка на соработката во земјоделско-прехранбениот сектор со земјите од регионот",

повеќе на страна 7

## ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА НА СКОПЈЕ И ТИРАНА ЗА ЗАНАЕТЧИСКИ МСП И ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП

Претседателот на Занаетчиска Комора Скопје г-дин Никола Петров по барање на г-дин Илир Жила Претседател на Комората за трговијата и индустријата на Албанија одржаа средба на ден 10 ноември 2009 година во просториите на Домот на Занаетчии Скопје, на кој присуствуваше и Оливер Рохрбач помошник на претседателот на Комората и Лулзим Кета, претставник од одделот за односи со јавноста како и Амбасадорот на Република Албанија во Република Македонија Арбен Двеку.

Двете комори се членки на Балканската канцеларија за занаетчиство и мало стопанство основана од долгогодишниот Партнер на Занаетчиска комора Скопје, Занаетчиската комора Кобленц, Германија, во која членуваат земји од, Балканот, Албанија, Бугарија, БиХ (Република Српска), Косово, Македонија, Молдавија, Романија, Србија и Хрватска.

На оваа средба беше разговарано за можна идна соработка помеѓу Занаетчиската Комора Скопје и Комората за трговија и индустрија на Албанија за заеднички проекти пред ЕУ и други Меѓународни финансиски и нефинансиски институции и организации кои го поддржуваат занаетчиството и МСП, како обуки, настапи на меѓународни саеми, и јакнење на капацитетите на Коморите.

## УЧЕСТВО НА СЕКЦИЈА НА РАКОТВОРБИ НА СВЕТСКИОТ БАЗАР ВО АНГЛИЈА

Од името на Амбасадата на Република Македонија во Лондон Занаетчиската комора Скопје доби покана и воедно учествуваше на **ISS UK WORLD MARKET 2009**, кој се одржа на 12-13 мај 2009 година во Kensington Town Hall. Патронот на оваа манифестација е Нејзиното Височество Принцезата Александра, што доволно кажува за димензиите на манифестацијата и нејзината репутација во општеството.



Ракотворците ги донираа своите рачно изработени производи во добротворни цели. Поддршка за реализација и транспорт на ракотворбите добивме од Министерството за надворешни работи на РМ. Свои дела на светскиот базар во Бекингамската палата во Англија донираа ракотворците: Иван Серафимов-изработувач на кофчезиња и други производи од дрво, Станка и Елена Ѓурчиновски-производители на накит од монистра, Раде Станковски-производител на производи од слама, Елена Јовановска -производител на накит од филигран, Роса Маневска-производител на слики од срма, Љиљана Лакиќ-производител на ткаени и плетени традиционални производи и Гоце Јандровски-производител на кутии и накит од дрво.

## ЦЕНОВНИК ЗА HACCP

Термин за имплементација на HACCP: **Септември - декември 2009**

**1. КАТЕГОРИЈА** **Цена 33.000,00 - 42.000,00 денари**

1.1.Угостителски објекти-ресторани, млечни ресторани, пицерии, ќебапчилници и слаткарници;

1.2.Месарници-производство, обработка и конзервирање месо, месарници и деликатесни продавници во кои се ракува со свежо месо и риба;

1.3. Слаткарници - производство на свежи слатки, сладолед и други замрзнати смеси, кисело млеко и млеко во домашни услови;

1.4. Пекари, производство на леб и пецива во свежа состојба, бурекџилници, мелници на брашно и сточна храна.

**2. КАТЕГОРИЈА** **Цена 15.450,00 - 26.500,00 денари**

2.1. Производство на кори, кадаиф, јувки и слични, мали бурекџилници.

**3. КАТЕГОРИЈА** **Цена 13.300,00 - 15.000,00 денари**

3.1. Чајџилници, кафетерии.

**4. КАТАГОРИЈА** **Цена 9.400,00 денари**

4.1. Леблебиџии, семкари, улични продавачи на крофни, пуканки, костени, пченка и сл.

**5.КАТЕГОРИЈА** **Цена 9.800,00 - 33.000,00 денари**

5.1. Трговија на мало, колонијали, мини маркети, супермаркети, дистрибутивни ланци.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА ХРАНА**

**ги информира производителите на храна, трговците на храна, дистрибутерите, угостителите и останати оператори со прехранбен бизнис за кои е надлежна Дирекцијата за храна за следното:**

Во согласност со глобалната стратегија на СЗО за намалување на заболувањата кои се пренесуваат преку храна, Ви ги претставуваме петте клуча за побезбедна храна. Придржувајте се кон истите, затоа што соодветното ракување со храната е суштинско за превенцијата на заболувањата кои се пренесуваат преку храна.

***Спречи ги штетните микроорганизми пред истите да предизвикаат заболување!***

1. Одржувајте ја чистотата - преку често миење на рацете пред ракување со храната и додека истата се подготвува, после одење во тоалет, преку миење и чистење на сите работни површини и приборот што се користи за подготвување на храната. Заштитете ја храната и кујнските површини од инсекти, пестициди и други животни.
2. Одделете ја сировата од зготвената храна – сировото месо и живина од останатата храна, користете посебна опрема и прибор (кујнски ножеви, даски за сечење за сировата храна), чувајте ја храната во фрижидер .
3. Темелно подгответе ја храната – особено месото, живината, јајцата, морската храна, а супите и варивата да бидат зовриени со минимум достигната температура од 70°C.
4. Чувајте ја храната на безбедни температури: подготвената храна да биде во фрижидер на температури пониски од 5°C, а пред користење да биде загреана над 60°C. Не ја чувајте храната предолго, ниту во фрижидер и не ја одмрзнувајте на собна температура.
5. Секогаш користете безбедна вода и свежи производи – вода од градски водовод, локален водоснабдителен објект . Секогаш бирајте здрава и свежа храна со проверена безбедност и во рокот на употребата.. Зеленчукот и овошјето да бидат добро измиени.

***ДА ЈА ВРАТИМЕ ДОВЕРБАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА***

ДИРЕКЦИЈА ЗА ХРАНА,МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
50-та Дивизија, бр. 6, Скопје; Тел. 02 3296 430
Јули, 2009година

**Ценовник за поднесување пријава за добивање одобрение од Дирекција за храна за оние кои отпочнуваат да вршат дејност и за оние кои вршат дејност и имаат ХТП решение**

1.Уплатница на име административни такси 400,00 денари на:
- Трезорска сметка бр.100000000063095, Буџет на РМ, депонент Народна банка уплатна сметка 840________03161 (број на општина каде лоциран објектот)

Приходна шифра 722 313 програма 00

2.Уплатница на име трошоци за исnпекциски увид при поднесување пријава за отпочнување со производство и промет со храна и производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, се определуваат со износ од:

1. 2.000,00 ден. за деловни објекти до 50м2
2. 4.000,00 ден. за деловни објекти до 150 м2
3. 12.000,00 ден. за длеовни објекти над 150 м2

Средствата се уплатени за Министерство за здравство-Дирекција за храна на
Трезорска сметка бр.100000000063095
Банка на примачот: Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник : 190010043463119
Приходна шифра: 723818 Програма: 40





## ОДОБРЕНИЕ(ЛИЦЕНЦА) ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ ЗА ТРГОВЦИ ПОЕДИНЦИ И ТРГОВСКИ ДРУШТВА

Ве известуваме дека согласно чл. 2 став 2 од Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл.Весник на РМ бр.62/04) дополнет со Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на Занаетчиска дејност( Сл.Весник на РМ бр.55/07)кој гласи:
Занаетчиска дејност можат да вршат Трговец Поединец и трговско друштво (Во понатамошниот текст вршител на занаетчиска дејност) под услови и на начин утврдени со законот за трговски друштва и Законот за вршење на занаетчиска дејност.
Согласно овој став од законот Занаетчиите регистрирани како ТП и ТД се должни да се запишат во Регистарот на вршители на занаетчиска дејност кој го води Занаетчиска Комора Скопје и да добијат ОДОБРЕНИЕ(ЛИЦЕНЦА)за вршење на занаетчиска дејност, со поднесување на барање за упис во Регистар на вршители на занаетчиска дејност и кон барањето треба да ги приложат следниве документи:

-Тековна состојба од Централен регистар
-Доказ за соодветно стручно образование или оспособеност
-Фотокопија од лична карта
-Една фотографија како за лична карта.

Со уписот во Регистарот на вршители на занаетчиска дејност станувате членови на Занаетчиска Комора Скопје и добивате Одобрение за работа кое ви е потребно за пред инспекциските служби.

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА
СКОПЈЕ - Skopje
27.12.06
03 293/2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр.15-9104/2
25. 12 2006 год
СКОПЈЕ

ДО:
ЗАНАЕТЧИСКАТА КОМОРА СКОПЈЕ
*-ул." Битпазарска" бр. 12*

*-за Снежана Денковска – Извршен директор*

СКОПЈЕ

**Предмет: Известување**

Во врска со вашето писмо од 20.12.2006 година со кое барате Министерството за економија да даде писмено мислење за измените на Законот за трговија по однос на работното време ("Службен весник на РМ" бр.128/2006) и примената на овие одредби на занаетчиите, односно вршителите на занаетчиска дејност, Ве известуваме дека измените во законот за трговија во поглед на работното време се однесуваат само за трговците кои за вршењето на таа дејност се регистрирани во соодветен регистер.

Според претходно изнесеното, одредбите со кои се вршат измени на Законот за трговија во поглед на работното време не се однесуваат на занаетчиите кои за вршењето на занаетчиската дејност се регистрирани во Регистерот на занаетчии.

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР,
[illegible] Сланцев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

### ТЕРК
### Евиденција за работно време

**Фирма :** ______________________
**Работодавач:** ______________________
**Дата:** ______________________

| Ред.број | Име и презиме / ЕМБГ<br>Работно место | Час од-до | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |

Работодавач
______________________

## Известување за нови активности и услуги кои ги врши Занаетчиската комора Скопје и информации за нови законски обврки кои произлегуваат од вршењето на занаетчиска дејност

1. Комората воведува нова услуга за своите членови и тоа присуство на Атанасовска Анета, стручен соработник за правни работи вработената во стручната служба на Комората при вршењето на контрола од страна на инспекциските органи и превземање на правни мерки, жалба , приговор и сл.
2. Комората врши обука за компјутери во Компјутерскиот центар за своите членови според потребите на групата составена од минимум 10 лица.
3. Комората посредува при склучување на договори за волонтери, невработени лица кои немаат вештини, компетенции и умеења за вршење на работни задачи за кои сакаат да се вработат кај Вас во вашите дуќани, работилници.
4. Комората Ве известува дека за сите вработени и за Вас како работодавачи е потребно да извршите еднаш во текот на годината систематски преглед и еден од вработените да се обучи за прва помош.
5. Комората посредува при имплементирање на ХАЦЦП кој е задолжителен за сите занаетчии и вршители на занаетчиска дејност кои имаат контакт со храна.
6. Комората Ве известува дека доколку работите во недела и празници потребно е да го пријавите вашето работење во Централен регистар и за сите вработени кои ќе работат за време на недела и празници да добијат наредба.
7. Сите занетчии кои се запишани во регистарот на занаетчии и не работат во недела и празници нема потреба да го пријавуваат работното време во Централен регистар туку само е потребно да истакнат работно време според Одлуката за работно време за занаетчии и известувањеод Министерство за економија.
8. Комората Ве известува дека е потребно да водите евиденција на работното време на сите вработени, почеток и завршување на работното време кое изнесува неделно 40 часа, а дозволено прекувремено работно време може да биде само 10 часа неделно. Во пресметките за плата потребно е да се искаже надоместокот за работа во неделите, празниците и прекувременото работење или вработените да добијат слободни денови.
9. Занаетчиите е потребно за сите вработени да имаат договор за вработување со вработените кој не се заверува во Агенцијата за вработување.
10. Занаетчиите на вработените треба да им даваат решенија за годишен одмор.
11. Сите занаетчии и вршители на занаетчиска дејност што работат со храна ,а имаат ХТП решение потребно е да се пријават во Дирекција за храна и да добијат одобрание.

Сите потребни барања, пријави, решенија, договори, теркови може да ги добиете во Занатчиска комора Скопје секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот.

### ТЕРК

Согласно чл.117 став 1 од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр.62/05), Работодавачот ______________________
, со седиште во Скопје, ул.______________________бр.______,
на ден__________ја донесе следната :

### НАРЕДБА

На Работникот:

1. ______________________, (име и презиме)
со ЕМБГ______________, од ________, ул.____________ бр.__,
вработен и распореден на раб.место______________________,
(назив на Занаетчиски дуќан)
им се наредува да останат прекувремено на работа поради ________
или да работат за време на празник / недела на деновите _________,
од __до__часот поради случаи определени во чл.117 став 1 од Законот за работни односи ( Сл.Весник на РМ бр.62/05).

Работодавач — Потпис и печат







**Деловни средби во рамките на Меѓународниот саем Целје - Словенија 2009**

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во рамките на своите програмски активности за 2009 година во делот за промотивни активности за малите и средните претпријатија, во соработка со Занаетчиската комора Скопје како и со партнерите од Република Словенија, организираше деловни средби и настап на наши претприемачи на Меѓународниот занаетчиски саем во Целје, Република Словенија.

Деловните средби на занаетчии и стопанственици од Р.Македонија, Австрија, Унгарија, Словачка, Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина и Косово се одржаа на 14.09.2009 година во рамките на Меѓународниот саем Целје, при што учество земаа дванаесет (12) наши претприемачи. За сите нив, по претходно утврдена постапка, беа одбрани деловни партнери од горенаведените земји и реализирани беа билатерални деловни состаноци со сите партнери поединечно.

Претприемачите го посетија и Меѓународниот саем во Целје и остварија и деловни контакти и запознавање со стопанството во Словенија и другите земји кои имаа фирми излагачи на МОС-Целје 2009 година.

Претприемачите кои преку организација на Агенцијата за поддршка на претприемаштвото на Р.Македонија и Занаетчиска Комора Скопје зедоа учество на Меѓународниот Саем во Целје, Република Словенија беа од следните дејности: Металопреработувачка, Пластика, Обработка на дрво и мебел, Градежништво.

Вредно е да се напомене дека во рамките на саемската манифестација остварени се неколку значајни средби. Така на пример остварена е средба со членот на Управниот Одбор на Обртна (Занаетчиска) Комора на Словенија, г-динот Иван Улага, на средбата е разговарано за учеството на претприемачи од Република Македонија на овогодишниот саем, за малото стопанството во Република Македонија и Словенија и можностите за соработка.

Исто така остварена е средба со г-динот Андреј Поглајен од Обртната Комора на Словенија. На средбата е разговарано за учеството на претприемачите од Република Македонија на овогодишниот саем во Целје и учеството на претприемачи од Словенија на саемот ITEXHOMAr кој ќе се одржи од 13 до 17 октомври 2009 година.

Остварена е организирана посета на фирмата БИ-СОЛ, Преболд, Словенија која е ориентирана за производство на соларни колектори и соларни електрани. Претприемачите од Република Македонија пројавија интерес за производство на соларна енергија и енергетска ефикасност воопшто, поради тој интерес беше реализирана посетата на БИ-СОЛ во производствениот погон каде претприемачите го набљудуваа целиот производствен процес на соларните колектори.

Потоа беше остварен деловен разговор со г-дин Нејц Јурко Ѓмаркетинг директор на фирмата БИ-СОЛ со кого беше разговарано за соработка во поглед на едукација за монтажа на соларните колектори.

Првичните оценки од учесниците на меѓународниот саем, како и деловните средби, се дека ваква форма на поддршка на претприемачите им е потребна.



**МАКЕДОНСКО - СЛОВЕНЕЧКИ БИЗНИС СРЕДБИ НА ТЕХНОМА - СКОПЈЕ**

Време и место:
Скопски Саем, Клуб сала, 15.10.2009 год.

Занаетчиска комора Скопје во соработка со Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Р. Македонија, Агенцијата за развој и инвестиции на Р. Македонија, Словеничко - македонскиот бизнис клуб, и Обртна - Зборница Словенија, организираше деловни средби помеѓу претприемачи од Р. Македонија и претприемачи од Р. Словенија, која се одржа за време на одржување на Меѓународниот Саем ТЕХНОМА 2009 година во Скопје. На деловните средби се пријавија и присуствуваа шест претприемачи од Р.Словенија и дваестет и еден претприемач од Македонија.

Деловните средби беа организирани во два дела и тоа пленарен дел и бизнис средби (Б2Б).

Во пленарниот дел имаше кратко обраќање до претприемачите од страна на г-дин Никола Петров - претседател на Занаетчиската Комора Скопје, Г-ѓа Маја Стојчевска - АППРМ и Г-ѓа Искра Јовановиќ - директор на Словенечкиот Бизнис Клуб.

По обраќањето до присутните претприемачи следеше кратка презентација на тема: Можности за инвестирање во Р. Македонија од страна на директорот на Агенцијата за странски инвестиции на Р. Македонија.

Во вториот дел беа содржани бизнис средбите помеѓу македонските и словенечките претприемачи, кои се одвиваа по претходно направен распоред на фирмите земајќи ја во предвид дејноста на претприемачот, интересот за видот на соработка на претприемачот.

Првичните забелешки на претприемачите беа дека ваквите средби се потребни за да се зголемат деловните контакти и да се прошири соработката на македонските претприемачи со претприемачи од други земји.



## ИЗРАБОТКА НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ФИРМИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА И ГЕРМАНИЈА



Во рамките на проектот "Стопанска кооперација помеѓу РЛП и СОЕ" се изработува база на податоци за извозно ориентирани занаетчии и занаетчиски фирми од партнерските организации. Целта за изработувањето на оваа база на податоци е да се подобри способноста за конкуренција на занаетчијата, да се подобри контактот помеѓу претпријатијата, базата е насочена кон конкурентни претпријатија со конкурентна насоченост, и кон мали и средни занаетчиски претпријатија кои имаат интерес за меѓународна активност и интерес за трговија и меѓународна соработка.

Базата на податоци на извозно-увозно ориентирани занаетчиски претпријатија е идна услуга на комората која ќе ја дадат на своите членови, и со тоа членовите ќе имаат пристап до базата на податоци.

Основни принципи на базата на податоци се следните:

- едноставна за изработка на базата на податоци, подршка и користење;
- базата на податоци ќе биде отворена за развој и промени;
- базата ќе биде отворена и по завршувањето на проектот.

Основната цел за изградбата на оваа база на податоци е да се зајакне конкурентната способност на занаетчијата и да се подобрат трговските односи, размена на нон-хау информации и една од најважните цели на економијата е намалени цени и набавка на репроматеријали потребни за работа на занаетчиитеБазата на податоци и ќе биде од најголема корист на занаетчиите за подобрување на трговските и меѓународните односи, ќе се подобри конкурентната способност на занаетчиите, а исто така користењето на базата на податоци ќе претставува уште една услуга која ќе ја нуди Занаетчиска Комора Скопје на своите членови.





МТСП

**Државен Инспекторат за Труд**

Партизански одреди бр. 48 а
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: 02/3116 110 факс: 02/3224 504

УП бр.07-10891/2
30.07.2009 год.
Скопје

До:
Занаетчиска комора Скопје
ул. Битпазарска бр.12
Скопје

Предмет: **Одговор на Ваше брање**

Во врска со Вашето барање, ве известуваме следното:

- За занаетчиите кои отпочнале со вршење дејност пред 20-30 години, а и за тие што отпочнале со вршење дејност пред стапување во сила на Законот за безбедност и здравје при работа (Сл.весник на РМ бр.92/07), а имаат извршено упис во регистерот на Занаетчиската комора, не е потребно истите да доставуваат известувања за отпочнување со дејност до органот надлежен за работите на инспекцијата на трудот, од причини што известувањата до органот мора да се доставуваат од занаетчии кои отпочнуваат со дејност по стапување во сила на новиот закон. Законот за безбедност и здравје при работа (Сл.весник на РМ бр.92/07) не ги исклучува од обврска согласно член 23 од законот занаетчиите;
- Во врска со назначувањето на едно или повеќе стручни лица за безбедност при работа, доколку работодавачот самостално врши дејност без вработување на други лица не треба да назначува стручни лица заради тоа што таа обврска му произлегува заради превземање на мерки за безбедност и здравје на вработените;
- Во врска со претставникот односно претставниците на вработените за безбедност и здравје при работа, исто така одговорот е како и во претходниот став. Обврската се однесува доколку занаетчијата вработува над 10 вработени (чл.29 од ЗБЗР);
- Околу начинот на доставување на известување за отпочнување со дејност до надлежниот орган од страна на работодавачите-занаетчии, не можеме да ви помогнеме. Доколку сакате да им помогнете на занаетчиите, ќе мора Вие да најдете ефикасен начин со кој ќе биде биде задоволена законската регулатива;
- Во врска со барањето да се одржи средба на оваа тема со претставници од Занаетчиската Комора, Државниот инспекторат за труд Ви стои на располагање.

Со почит!

Директор
Горан Јовановски

## СЕМИНАР ЗА ЗЛАТАРИ

Во рамките на Парнерскиот проект на Занаетчиска комора Скопје со Занаетчиска комора Кобленц во првата половина на февруари 2010 година во Златарко Филигранската работилница која се наоѓа во Домот на занаетчии Скопје, ќе се организира едно неделен семинар за зларите од Секцијата на златари при Занаетчиска комора Скопје.

Семинарот ќе го држат мајстори златари од Германија.

За семинарот се предложени повеќе теми:

1.ДИЗАЈН НА НАКИТ;
2.ВГРАДУВАЊЕ НА ПОЛУДРАГИ И ДРАГИ КАМЕЊА;
3.ТЕХНИКИ НА ЛИЕЊЕ;

Заинтересираните можат да се пријават за учество семинарот.



## СЕМИНАР ЗА ЧОКОЛАДО

Се известуваат сите слаткари кои сакаат да ги усовршат своите знаења, умеења и вештини за чоколадо да се пријават за учество на Семинар за чоколадо кој ќе се одржи во ПЕКАРСКО СЛАТКАРСКАТА РАБОТИЛНИЦА на Занаетрчиска комора Скопје која е сместена во СУГС "Лазар Танев" Скопје. Семинарот ќе го водат врвни мајстори од Германија во рамките на Партнерскиот проект со Занаетчиска комора Кобленц.



## БАРАЊЕ ОД ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СИВА ЕКОНОМИЈА

Веќе подолг период на зелените пазари и по улиците се продаваат очила кои се ортоподски помагала за вид. Продажбата ја вршат најчесто диви нерегистрирани продавачи или пак се регистрирани за трговија со бижутерија или очила за сонце, а не за вршење на оптичка дејност и продавање на ортопедски помагала за вид,за тоа постојат оптичари кои имаат соодветно стручно образование или се стручно оспособени за вршење на таа дејност. Занаетчиска дејност оптичар можат да вршат:

- Занаетчија кој има решение за вршење оптичарска дејност и е запишан во Регистарот на занаетчии и има соодветно стручно образование или стручна оспособеност за оптичар;

- ТП или ТД кој е регистриран согласно Законот за трговски друштва е запишан во Трговскиот регистар и има Одобрение за вршење на оптичарска дејност кое го издава Занаетчиската комора под услов да има соодветно стручно образование или стручна оспособеност за оптичар и се запишува во Регистарот на вршители на занаетчиска дејност;

Ова известување го поднесуваме со цел надлежните инспекциски служби да реагираат на дивото продавање на пазарите и улиците на очила за корекција на видот затоа што во последно време навистина завзема голем замав продажба на оптика на тезгите на пазарите и улиците кои најчесто диво работат или се регистририрани како трговци на мало без да ги исполнуваат условите за вршење на оптичарска дејност и по слободен избор или на купувачот да му одредуваат какви очила и со која диоптрија ќе му продадат, од лица кои не се регистрирани или не работат во согласност со законските прописи во Република Македонија. Тие не ги исполнуваат ниту условот за стручно оспособување ниту просторија за вршење дејност,а да не зборуваме за оние кои не се регистрирани и не плеќаат ниту даноци ниту придонеси и поради тоа ги продаваат очилата по цени пониски и остваруувaат нелегално приход и со тоа претставуваат нелојална конкуренција на легално регистририраните оптичари од кои се бара да ги исполнат сите обврски како фискална каса,водење на сметководство,деловна просторија, комунални трошоци, даноци, придонеси и многу други трошоци.

Со толеранција на нелегалните продавачи им ја сечеме гранката на легално регфистрираните оптичари,а исто така штетно се одразуваат на здравјето на граѓаните и наместо да им го поправат видот доаѓа до оштетување.

Исто така бараме да се спроведе поголема акција за спречување на сивата, нелегална економија во областа на занаетчиството бидејќи ја има во сите дејности, како градежната (паркетарска, молерофарбарска, сервисирање на парно, водовод, електро) фризерска, козметичарска, пекарска, слаткарска, столарска, браварска, автомеханичарска, ртв механичарска, сервисирање на апарати за домаќинство буквално кај сите дејности. Очекуваме да не информирате за сите активности.

## ОБУКА ЗА КОМПЈУТЕРИ ЗА ЗАНАЕТЧИИ И НИВНИ ВРАБОТЕНИ

Се известуваат сите занаетчии дека Комората организира основни обуки за компјутери со цел занетчиите и вработените да ги користат можностите што ги нуди комјутерската техника за работењето на дејноста, електронска комуникација и добивање на информации преку интернет.

Обуките ќе се вршат во вечерните часови и во неделите.

Цената изнесува 600 денари.

Пријавување во Комората секој ден од 08,00 до 16,00 часот.

## Свечено започнување на Пилот проектот за спроведување на практична обука на ученици кај мајстори занаетчии







Во Хотел Континентал на 05 ноември 2009 година свечено отпочна Пилот проектот за спроведување на практична обука на ученици кај мајстори занаетчии.

Во јули 2006-та година беше донесен новиот Закон за стручно образование и обука. Неговите одредби се темелат врз уверувањето дека модерното и практично образование обезбедува добро квалификувани млади кадри за македонското стопанство, кои се стекнуваат со потребните компетенции и вештини, со цел да можат директно да се вклучат во процесот на работа. Законот придонесува кон намалување на невработеноста посебно на младите.

Врз основа на Законот за вршење на занаетчиска дејност и Законот за стручно образование и обука, занаетчиските комори вршат пренесени јавни овластувања кои се однесуваат на обука и проверка на стручна оспособеност за занаетчиски занимања, обука и полагање на мајсторски испит, како и учество на мајсторите во завршните испити во однос на практичниот дел во средните стручни училишта, водат Регистри на мајстори, регистри на верификувани работодавачи кои вршат практична обука на ученици и Регистар на ученици на практична обука.

Причина што се бараше донесување на Законот за стручно образование и обука како и спроведување на пилот проектот за практична обука на ученици кај занаетчии мајстори беше добивање на работна сила од средните стручни училишта кои имаа диплома и теоретски познавања но немаа стекнато компетенции и вештини и тоа претставуваше про-блем на работодавачите кои требаше да ги вработат, да им исплаќаат плата даноци и придонеси и да ги обучуваат за вршење на занимањето, односно да ги обучуваат за да стекнат вештини и компетенции.

Со цел брза и успешна имплементација на законот Минитерството за образование на Р.М., Центарот за стручно образование и обука, Занаетчиската комора Кобленц, Занаетчиската комора Скопје со средно училиште на Град Скопје "Димитар Влахов" за занимањата фризер и козметичар, и Занаетчиската комора Куманово со Средното училиште Наце Буѓони од Куманово, за електро струката потпишаа Меморандум за спроведување на Пилот Проект за имплементација на македонскиот Закон за средно стручно образование и обука, спроведување на практична обука на учениците во занаетчиските работилници за стекнување на вештини, компетенции и умеења за директно вклучување во процесот на работа.

Пилот проектот е финансиран во рамки на Партнерскиот проект на Занаетчиска комора Скопје и Занаетчиската комора Кобленц и има за задача да се провери колку се спремни кадровски и технички да го имплементираат Законот за стручно образование и обука, како и колку се спремни занаетчиите мајстори да примаат ученици на практична обука и кога по завршување на пилот проектот ќе се направи анализа колку учениците кои практичната обука ја обавувале кај мајстори се стекнале со вештини и умеења во однос на оние ученици кои практичната обука ја обавуваа во училишните центри и овие препораки ќе се се достават до Мини-стерството за образование и Центарот за стручно образование и обука со цел да се реформираат наставните програми за тригодишното образование каде ќе се предвиди 50% практична обука која ќе се обавува кај занаетчиите и други стопанственици кои го положиле мајсторскиот испит.

Занаетчиските комори имаат задача да ги изготват тространите договори кои треба да се потпишат од училиштето, родителите-старатели во име на учениците и мајсторите фризери и козметичари, а потоа Занаетчиската комора треба да ги запише во Регистарот на ученици на практична обука и да ја следи практичната обука.

На крајот од Пилот проектот ќе биде изработена една завршна анализа со општи препораки и решенија за понатамошна имплементација на законот и реформирање на наставните програми за тригодишното образование за потребите на занаетчиството и стопанството, поточно работна сила која ќе има стекнато компетенции и вештини за да може по добивањето на диплома за завршено средно стручно образование директно да се вклучи во процесот на работа.

### Семинар за учениците од ГСУ " Димитар Влахов" Скопје

Во рамките на Пилот проектот експертот г-дин Валвај одржа семинар на учениците кои се вклучени во пилот проектот и практичната обука ќе ја обавуваат во фризерските и козметичките салони, за дуалниот систем на образование, практична обука, предности и принципи на заедничката соработка помеѓу занаетчиите - мајстори, коморите и училиштата.

### ОДРЖЛИВОСТ НА ОБРАЗОВНИТЕ ЦЕНТРИ НА КОМОРАТА

Од 02 до 03 ноември во рамките на Партнерскиот проект на Занаетчиска комора Скопје со Занаетчиска комора Кобленц, експертот Г-дин Бурихтер ги посети Образовните центри на Занаетчиската комора Скопје и тоа Златарско-филигранската, Пекарско слаткарската и Мехатроничката работилница со цел да ја согледа состојбата и досегашното работење на центрите, економската состојба и начинот на користење со цел да се изготви стратегија за одржливост на Образовните центри.








## ПРЕДГОВОР

Во текот на 2008 година, тимот на ГТЗ МАФП проектот: "Воведување на ЕУ директиви во македонската земјоделска политика и поддршка на соработката во земјоделско-прехранбениот сектор со земјите од регионот", реализираше бројни активности од областа Безбедност на храната. Меѓу другото, ја поддржа и организацијата на информативната кампања за HACCP системот на Дирекцијата за храна и Управата за ветеринарство на Република Македонија.

На трибините што се одржаа во 18 градови, а во соработка со 36 општини (канцеларии за локален економски развој), присуствуваа повеќе од 700 заинтересирани претставници - оператори со храна, главно од приватниот сектор.

Дел од отворените прашања се однесуваа на безбедноста на садовите кои доаѓаат во контакт со храна, особено на традиционалните садови изработени од глина, дрво и бакар. Прашањето за опстанокот на традиционалните занаети, а со тоа и културната историја врзана со вековниот опстанок на грнците, дрвените "пајнци", бакарните ѓезвиња и котлиња од кои се хранеле бројни поколенија на нашиот народ, го отворија и медиумите.

Од друга страна пак, занаетчиите, се соочија со нови проблеми: нивниот опстанок и репутација пред потрошувачите беа загрозени заради бројни дезинформации пласирани во/од јавноста.

Брошурата: **БЕЗБЕДНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ САДОВИ ЗА ЧУВАЊЕ, ПРИГОТВУВАЊЕ И СЛУЖЕЊЕ НА ХРАНА** треба да им помогне на занаетчиите што произведуваат традиционални садови кои доаѓаат во контакт со храна да продолжат професионално и конкурентно да настапуваат на пазарот, произведувајќи ги своите ракотворби во согласност со позитивните законски прописи на Р. Македонија и имајќи ги во предвид прописите на ЕУ. Уште повеќе, се надеваме дека на овој начин, ќе дадеме скромен придонес за одржливиот развој на руралните средини каде всушност и работи најголемиот дел од виртуозите на традиционалните занаети, чуварите на традицијата, не случајно наречени културни амбасадори на Македонија.

Тимот на ГТЗ МАФП проектот



## Обука на 17 лица од Р. Македонија за специјалисти на ТЕХНИКИ НА СОЛАРНИ ИНСТАЛАЦИИ

На 16.11.2009 година во просториите на Занаетчиска Комора Скопје започна обука на 16 лица од Македонија за специјалисти за соларни колектори, во организација на Балканската Канцеларија за мало стопанство и занаетчиство при Занаетчиската Комора кобленц, заедно со своите партнери од Македонија во рамките на проектот за Економска Соработка помеѓу Германската покраина Рајланд Фалц со Југоисточна Европа.

Новиот проект Економска Соработка помеѓу РЛП и СОЕ нуди можност Македонија да стане активна и на нови полиња корисни за занаетчиството, мали и средни претпријатија. Еден таков акцент е на тема животната средина која станува се поактуелна за цела Европа и светот.

Обуката ќе се реализира преку три модули во времетраење од по 5 дена. Првите два дена се теоретски и ќе се одржат во Македонија. Со првиот модул се отпочна на 16.11.2009 година на Тема фотоволтаик и ќе се одржува до 20.11.2009 година во просториите на Занаетчиска Комора Скопје. Вториот модул е на тема соларно затоплување и ќе се одржи од 25.01.2010 година до 29.01.2010 година. Третиот е практичен модул и ќе се одржи во Германија од 08.02.2010 година до 12.02.2010 година.

Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката добиваат сертификат за инсталатери за соларна енергија и со тоа ќе се одговори на потребите за засиленото барање на такви специјалисти во нашата земја во контекст на зголемената актуелност на оваа тема.






**Занаетчиска комора Скопје организира**

**СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ОБУКА ЗА ПРВА ПОМОШ**

Занаетчиите и вршителите на занаетчиска дејност (ТД, ТП) имаат обврска да направат:

- ситематски прегледи лично и за сите вработени еднаш годишно 700,00 ден.
- обука за прва помош на еден вработен до 20 вработени 1.000,00 ден.

според Законот за безбедност и здравје при работа.

Пријавувањето и плаќањето е во Занаетчиска комора Скопје со доставување (по тел,факс,е-маил) на:

1. назив, дејност, седиште на фирмата,
2. име и презиме на работодавачот,
3. список на вработените ,
4. едно лице кое ќе се обучи за прва помош,
5. телефон за контакт.

Информации и пријавување на:
тел.3 222 957 ;3 237 850;071 991 981;078 312 134
















**МЛЕЧЕН РЕСТОРАН**

***Ватата***

**02 / 2455-357**






**Занаетчиска Комора Скопје**

**Да ја сочуваме традицијата на старите занаети филигранист**

Центар за златари и филигран организира обука за филигранисти

Обуката трае 6 месеци, секој ден 4 часа.

информации на телефони
3 222 957
3 237 850

"ПОЗИТИВА"
економско правно биро

- книговодствени услуги
- регулирање на стаж
- работни односи
- пензиски права
- пренос на имот

Ристовски Ване

тел.: +389 (0)2 31 33 144
факс: +389 (0)2 31 13 677

